# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **03.07.2020 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 6 – 2020 год.**

ЈУЛИ 2020

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 37–та седница одржана на ден 30.06.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за превземање на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суви Дол од страна на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод**

**Член 1**

**С**огласно оваа одлука се задолжува ЈП „Водовод и канализација“ од Македонски Брод за превземање во своја надлежност на стопанисување и одржување на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суви Дол - Македонски Брод, изграден од страна на Општина Македонски Брод.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод, Градоначалник на Општина Македонски Брод, Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и архива на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Бр.18 – 405/3**
**30.06.2020 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за превземање на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суви Дол од страна на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод**

Се објавува Одлука за превземање на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суди Дол од страна на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 37 - седница одржана на ден 30.06.2020 година.

**Бр. 08 – 405/ 6**

**03.07.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), а согласно член 2 став (2) од Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.154/20), Советот на Општина Македонски Брод на 37 - та седница одржана на ден 30.06.2020 година, донесе:

# О Д Л У К А

## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Со оваа Одлука обврзниците на комуналната такса се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност за време на траењето на вонредната состојба.

Општината нема да ја наплаќа комуналната такса од ставот (1) на овој член за време на вонредната состојба.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18-405/ 4**
**30.06.2020 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за време на вонредна состојба**

Се објавува Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за време на вонредна состојба, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 37 - седница одржана на ден 30.06.2020 година.

**Бр. 08 – 405/ 6**

**03.07.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 6 од 03.07.2020 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за превземање на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суви Дол од страна на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод ......... стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за превземање на објектот Фекална канализација со Пречистителна станица во село Суви Дол од страна на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 3

Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за време на вонредна состојба .................................................................................................................. стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за време на вонредна состојба ........................................................................................ стр. 5